Врз основа на член 383, став 1 и член 479, став 2 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија", бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010 и 24/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.07.2012 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи за 2011 година на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје**

**Член 1**

За овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи за 2011 година на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, се избира „БДО" ДОО ул.„11 Октомври" бр.86/1-1 Скопје.

Овластениот ревизор од став 1 на оваа одлука, услугата ќе ја врши во траење од 15 дена.

Изборот на овластениот ревизор е извршен согласно спроведена постапка за доделување на Договор за јавна набавка на услуга, по пат на прибирање на понуди со објавување на јавен оглас со електронска аукција, а согласно Одлуката за јавна набавка за ревидирање на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2011 година бр. 18-866/2 од 4.05.2012 година. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за јавна набавка за ревидирање на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2011 година на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје бр. 18-866/4 од 11.05.2012 година, Извештајот од спроведената постапка бр. 05-866/5 од 9.05.012 година, Одлуката за избор на понудувачи кои ќе учествуваат на електронска аукција бр. 05-866/12 од 4.06.2012 година и Извештајот за текот на е-аукцијата за набавка на услуга – Ревидирање на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2011 година по ЈН 01/2012.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 41-4899/1**
**3 јули 2012 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Владимир Пешевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

мс/